## ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**www.iph.mk**
Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ
Тел:  02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354

### ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА

# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **с е п т е м в р и, 2025**




**Скопје, 16.10.2025**

**Содржина:**

*ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО СЕПТЕМВРИ, 2025 година ............ 3*

*ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ ........................................ 5*

*ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА .................................................................. 5*

*СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА ........................................................ 5*

*ЕПИДЕМИИ ......................................................................................................... 6*

*СМРТНИ СЛУЧАИ ................................................................................................. 6*

*ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ ..................................... 6*

*БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ ..................................... 7*

## ***ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО СЕПТЕМВРИ, 2025 година***

Во текот на месец септември 2025 година, во Р.С. Македонија, пријавени се вкупно 854 заболени лица од акутни заразни заболувања *(без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б, Ц и ХИВ)* со вкупна инциденца од 46,5 на 100.000 жители.

Во текот на месец септември се бележи зголемување на вкупниот број на заболени лица за 10,3% во однос на претходниот месец, август 2025 (n=774). Во однос на аритметичката средина за периодот 2015–2024, се бележи намалување за 19,4% (n=1.060), а во однос на септември 2024, се бележи зголемување за 7,3% (n=796). (Графикон 1)

Во вкупниот број на заболени во 2025 година, регистрираните случаи во месец септември учествуваат со 11,0%. Кумулативниот број на пријавените случаи во 2025 (n=7.738) е за 29,1% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2024 година (n=10.916).

***Графикон 1**: Број на заболени од заразни болести по месеци во 2025 и аритметичка средина за 2015-2024*




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=465; 54,4%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Кочани (n=21; 2,5%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ се регистрира на територијата на ЦЈЗ Скопје (I=76,6/100.000), а најниска инциденца во ЦЈЗ Тетово (I=12,7/100.000). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ПЕ е регистрирана на територијата на Кратово (I=159,0/100.000).

Четири ПЕ не доставија пријави за заразни болести од територијата која ја покриваат (Демир Хисар, Делчево, Дебар и Валандово). (Табела 1 во Прилог, Картограм)

***Графикон 2**: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во септември, 2025*




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања*** во септември учествуваат со 97,9% во вкупниот број на заболени во месецот и бележат инциденца од 45,5/100.000 жители. *(Табела 1)*

***Табела 1**: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во септември, 2025*

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| Ентероколитиси | **465** | **25,3** |
| Овчи сипаници | **256** | **13,9** |
| Салмонелози | **36** | **2,0** |
| Бактериски алиметарни инфекции и интоксикации | **23** | **1,3** |
| Шуга | **20** | **1,1** |
| Инфективна мононуклеоза | **13** | **0,7** |
| Легионерска болест | **10** | **0,5** |
| Кампилобактериоза | **5** | **0,3** |
| Инфекции предизвикани од E.coli | **4** | **0,2** |
| Вирусни менингитиси | **4** | **0,2** |
| ***Вкупно*** | ***836*** | **45,5** |

***Првите две најчести заразни заболувања*** (ентероколити и овчи сипаници, n=721) учествуваат со 84,4% во вкупниот број на заболени, а со 86,2% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец септември 2025 година.

Во текот на септември, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **ентероколитите** со вкупно 465 пријавени лица. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 54,4%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 55,6%.

Во однос на претходниот месец август 2025 (n=433), се регистрира зголемување на бројот на пријавени лица од ентероколити за 7,4%. Во однос на месец септември 2024 (n=436) се регистрира зголемување за 6,7%, а во однос на аритметичката средина (n=744) се регистрира намалување за 37,5%.

Во вкупниот број на регистрирани ентероколити во 2025 (n=3.015), пријавените случаи во септември учествуваат со 15,4%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2025 година (n=7.738), ентероколитите учествуваат со 39,0%.

Кумулативниот број на заболени од ентероколити во 2025 (n=3.015) е за 2,1% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2024 (n=3.079).

На второ место по број на пријавени заболени во месец август се **овчите сипаници**, со 256 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 30,0%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 30,6%.

Во однос на претходниот месец август 2025 (n=234), се регистрира зголемување на бројот на заболени од овчи сипаници од 9,4%, додека во однос на месец септември 2024 (n=172) се регистрира зголемување од 48,8%. Во однос на аритметичката средина (n=154) се регистрира зголемување за 66,2%.

Во вкупниот број на регистрирани овчи сипаници во 2025 (n=3.551), пријавените случаи во септември учествуваат со 7,2%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2025 година (n=7.738), овчите сипаници учествуваат со 45,9%.

Кумулативниот број на пријавени овчи сипаници во 2025 (n=3.551) е намален за 35,7% во однос на кумулативата за истиот период во 2024 година (n=5.522).

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи,** во септември, најголем број (n=534) припаѓаат на **цревни заболувања** (62,5%; I=29,1/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број, (n=465; 87,1%) и инциденца (I=25,3/100.000), се пријавите на ентероколити. Пријавени се и 36 случаи на салмонелози (I=2,0/100.000), 23 случаи на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации (I=1,3/100.000), 5 случаи на кампилобактериоза, 4 случаи на инфекции предизвикани од E. coli и еден случај на и шигелоза.

Во месец септември, пријавени се 284 случаи (33,3% од вкупниот број на пријави) на заболени од групата на **капкови заболувања** *(Графикон 3),* со инциденца од 15,5/100.000. Од нив, најголем број (n=256; 90,1%) и инциденца (I=13,9/100.000) се пријавите за овчи сипаници. Во оваа група се пријавени, 13 случаи на инфективна мононуклеоза (I=0,7/100.000), 10 случаи на легионерска болест, 3 случаи на голема кашлица и 2 случаи на скарлатина.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во септември се регистрирани 26 случаи (3,0%; I=1,4/100.000) (*Графикон 3*). Од нив, 20 се случаи на шуга (76,9%; I=1,1/100.000), 4 случаи на вирусен менингит и по еден случај на бактериски менингит и вирусен енцефалит.

Кај пациентот со вирусен енцефалит докажан е WNV со PCR метода во ликвор. Заболеното лице е од Скопје, на возраст од 14 години, хоспитализирано на КИБФС Скопје и нема податок за патување надвор од државата. Добиен е податок за каснувања од комарец. Во општината каде живее, согласно информацијата од надлежниот ЦЈЗ, спроведена е редовна дезинсекција.

Во септември е регистрирана уште една инфекција со WNV кај лице на 56 годишна возраст од Скопје. Инфекцијата се манифестирала како исипна треска и како таква не подлежи на задолжителна пријава. Лицето е лекувано во домашни услови, нема патувано надвор од Скопје, а во местото на живеење спроведена е редовна дезинсекција.

Во групата на **зоонози**, во месец септември регистрирани се 2 случаи (0,2%; I=0,1/100.000), по еден случај на бруцелоза и лајм борелиоза.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** *(без ХИВ/СИДА)* се регистрирани 8 заболени лица (0,9%; I=0,4/100.000) *(Графикон 3)* и тоа: пријавени се по 3 случаи на инфекција со хламидија и вирусен хепатитис Ц, како и по еден случај на гонореја и хепатит Б *(Графикон 3, Табела 1 во Прилог)*

***Графикон 3**: Структура на заболени по групи на заболувања во септември 2025*




## *ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ*

Во текот на месец септември, пристигнати се 2 пријави за новорегистрирани лица со ХИВ/СИДА.

Се работи за две машки лица од Скопје и Прилеп на возраст од 30-39 години *(Табела 3 во Прилог)*. Во однос на веројатниот ризик за стекнување на ХИВ инфекција, едно од лицата е припадник на МСМ популацијата, а за другото лице начинот на зараза е непознат.

Нема регистрирано смртен случај.

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 30.09.2025), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р. Северна Македонија, за периодот 1987–2025, изнесува 719, и тоа:

- 136 лица починале,
- 579 лица живеат со ХИВ/СИДА (4 лица се со непознат исход).

## *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец септември 2025 регистрирани се еден случај на вирусен хепатитис Б и 3 случаи на голема кашлица, со инциденца од 0,22/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*)

Регистрираниот случај на вирусен хепатитис Б, според возраста, не подлежи на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не е вакциниран против оваа болест.

Од регистрираните три случаи на голема кашлица, два случаи се од Куманово и еден случај од Скопје. Сите три случаи се невакцинирани, од кои два се со исполнет критериум за возраст и задолжителна имунизација според националниот вакцинален календар, додека третиот случај, возраста ја достигнал во тековниот месец кога е дијагностицирано заболувањето.

## *СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА*

Во текот на месец септември, пријавени се вкупно 140 случаи на КОВИД-19, за разлика од месец август кога беа пријавени 76 случаи и месец септември 2024 кога се регистрирани 288 случаи.

Најголем број од случаите се регистрирани во Скопје (n=79), а пријавени се и 22 случаи од Тетово, 16 од Кавадарци, 15 случаи од Битола, 2 случаи од Гостивар и по еден случај од Велес, Неготино, Делчево, Куманово, Крушево и Радовиш. Во текот на месецот не е регистрирано починато лице асоцирано со КОВИД-19.

Од КОВИД-19 заболените, пријавени се позитивни од сите возрасни групи, а најголем број е регистриран кај возрасната група од 0-9 години.

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец септември, се тестирани вкупно 915 материјали, за 59,7% повеќе во однос на минатиот месец (n=573).

Од почетокот на пандемијата, заклучно со 30.09.2025, пријавени се вкупно 352.363 потврдени случаи на КОВИД-19 (I=19.184,43/100.000) и 10.006 смртни случаи (Mt= 544,8/100.000; CFR=2,8%).

### *ЕПИДЕМИИ*

Во текот на месец септември, до Институтот за јавно здравје **пристигнати се 3 пријави за епидеми на заразно заболување**.

На 18.09.2025 година, ЦЈЗ Куманово пријави 2 епидеми на труење со храна.

Првата епидемија е со датум на откривање на 13.09.2025 во која се регистрирани 6 заболени лица од две семејства од кои 5 се хоспитализирани. Епидемијата се поврзува со конзумирање на храна во угостителски објект во Куманово. Како причинител е наведена *Salmonella spp*. Епидемијата е одјавена на 30.09.2025 одина.

Втората епидемија е со датум на откривање на 15.09.2025 година со вкупно пријавени 23 заболени лица од кои две биле хоспитализирани. Заболените лица биле учесници на организиран настан кои консумирале храна во угостителскиот објект каде се одржувал настанот. Во пријавата како причинител е наведена *Salmonella spp*. Епидемијата е одјавена на 06.10.2025 година.

На 27.09.2025 ЦЈЗ Штип пријави епидемија на труење со храна поврзана со консумирање на храна купена во локален објект за брза храна. Во епидемијата, регистрирани се 21 заболено лице од кои 15 биле хоспитализирани. Според податоците од пријавата како причинител е наведена *Salmonella enteritidis*. Епидемијата е одјавена на 10.10.2025 година.

По напревените епидемиолошки истражувања и земените примероци за микробиолошка анализа од жива и нежива средина како и примероци на храни, превземени се соодветни против епидемиски мерки од страна на сите надлежни органи, центри за јавно здравје, ИЈЗ, АХВ, ДСЗИ како и самите економски оператори.

### *СМРТНИ СЛУЧАИ*

Во текот на месец септември, регистиран е еден смртен случај од акутно заразно заболување – бактериски менингит. Станува збор за женско лице на возраст од 71 година од Скопје, кај кое покрај основното заболување се регистрираат и други хронични заболувања. Пациентката била хоспитализирана на КИБФС Скопје.

### *ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ*

Во текот на септември, 2025 година во ИЈЗ се пристигнати 920 *Пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болест и резистенција на антибиотици (Табела 4 во прилог).*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на сите десет ЦЈЗ/ПЕ. Најголем број од пристигнатите пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=632; 68,7%), ЦЈЗ Битола (n=79; 8,6%) и ЦЈЗ Куманово (n=75; 8,2%). (*Табела 4 во Прилог)*.

Најчесто пријавувани причинители во месец септември се: *MRSA (n=242; 26,3%), HPV (182; 19,8%)* и *Chlamydia trachomatis (n=38; 4,1%).*

Резистенција кон антибиотици е регистрирана кај вкупно 186 докажани микроорганизми и тоа: *Acinetobacter baumannii, Enterobacter cloacae ESBL, E.coli ESBL, Klebsiella pneumoniae ESBL, MRSA, Proteus mirabillis ESBL*.

Во однос на лабораториите кои пријавуваат резистенција, пријавите се од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Прилеп, ЦЈЗ Тетово, ЦЈЗ Штип, ЦЈЗ Охрид, ЦЈЗ Велес.

***БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ***

Во текот на месец септември, ***пристигнати се шест пријави*** за заразно заболување од кои 4 за салмонелоза и по една пријава за ентероколит и мононуклеоза, кај странски државјани од Србија, Косово, САД и Холандија

Во текот на 2025 година, регистрирани се вкупно 34 пријави за акутни заразни заболувања кај странски државјани. Регистрирани се 15 пријави на ентероколитис, 10 пријави за салмонелози, 2 пријави за бактериски алиментарни инфекции и интоксикации и по една пријава за лајмска болест, туларемија, вирусен енцефалит, денга, мононуклеоза, туберкулоза и ХИВ/СИДА.

Според земјата од која доаѓаат, 10 лица се од Косово, 7 од Германија, 5 од Швајцарија, по два од Турција и Србија, и по еден од Бугарија, Грција, Италија, БиХ, Австрија, Словачка, САД и Холандија.

***Оддел за епидемиологија на заразни заболувања***
***Институт за јавно здравје на РСМ***